Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски бр. 11-613/2
Дата: 13.09.2024г.

До:
[redacted]

Предмет:
Одговор на Барање пристап до информации од јавен карактер

Почитувана,
До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација од Ваша страна, по електронски пат, доставено е барање за пристап до информации од јавен карактер, заведено со наш архивски број 11-613/1.
Комисијата, постапувајќи по барањето, Ви го доставува следниов одговор:

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација не води евиденција за поднесени претставки од поединечни општини во Скопје, односно нашата евиденција е за град Скопје како целина.
Следствено на тоа, Ви ги даваме информациите за поднесени претставки и утврдени случаи на дискриминација врз основа на попреченост, на подносители со адреса на живеење, односно седиште во Скопје за периодот 2021г. заклучно со 31 јули 2024г.

- До КСЗД досега се поднесени вкупно 16 претставки за заштита од дискриминација врз основа на попреченост од подносители со адреса/седиште во Скопје
- КСЗД утврди осум случаи на дискриминација врз основа на попреченост од подносители со адреса/седиште во Скопје
  - Еден случај во областа на работата и работните односи
  - Еден случај во областа на образование, наука и спорт
  - Четири случаи во областа на пристап до добра и услуги (од кои три за дискриминација во пристапот до јавни добра и услуги и еден случај на дискриминација во пристапот на услуги на приватни субјекти)
  - Два случаи во областа на социјална сигурност, вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита пензиско и инвалидско осигурување здравствено осигурување и здравствена заштита (од кои еден случај на дискриминација во областа на детските градинки и еден случај на дискриминација во областа на здравствена заштита во затворите).

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
заменик претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:
[redacted]